Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-572/2
10-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-572/1 од 7.11.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација во областа на правосудството и управата врз основа на пол и семејна или брачна состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.11.2022 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-572/1 од 7.11.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **поради ненавременост.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 7.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против судија на Основен граѓански суд Скопје [redacted] за извршена дискриминација во областа на правосудството и управата врз основа на пол и семејна или брачна состојба.

Подносителката, како повод за поднесување на претставката, ја наведува пресудата донесена на 12.11.2015 година од страна на судијата на Основен граѓански суд Скопје [redacted]

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."*

Од причина што за поднесување на претставката не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје
10.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]